**20261782786**

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 и точка 6-а од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25), член 65-ѓ став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 122/21 и 37/25), а во врска со член 16 став 1 точка 6 и член 17 став 1 точка 1 од Законот за финансиска стабилност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ СИСТЕМСКИ ЗНАЧАЈНИ БАНКИ

1. Во Одлуката за методологијата за идентификување системски значајни банки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/24, 50/25 и 202/25), во точка 1 став 3 алинеја 1, зборовите: „критериуми, показателите и потпоказателите“, се заменуваат со зборовите „критериуми и показателите“.

Алинејата 3 се менува и гласи: „дополнителната оцена на системската значајност врз основа на дополнителните квантитативни и квалитативни показатели;“.

2. Во точката 3 ставовите 3 и 5 се бришат.

Во ставот 4, којшто станува став 3, зборовите: „и потпоказателите од ставот 3 од оваа точка“ се бришат.

3. Во точката 4 став 1, зборовите: „критериумите, показателите и потпоказателите“ се заменуваат со зборовите „критериумите и показателите“.

Во ставот 2, зборовите: „во пресметките за потребите на идентификувањето системски значајни банки не се вклучува „Развојната банка на Северна Македонија“ АД Скопје, којашто“ се заменуваат со зборовите: „„Развојната банка на Северна Македонија“ АД Скопје“.

4. Во точката 5, бројот: „350“ се заменува со бројот: „425“.

5. Во точката 6 став 2, зборовите: „Поткатегориите системска значајност се движат во интервалот“ се заменуваат со зборовите: „Интервалите на одделните поткатегории системска значајност се движат“.

6. Точката 7 се менува и гласи: „За секоја поткатегорија системска значајност е определена соодветна стапка на заштитен слој на капиталот, којашто може да се движи од 1% до 3,5% од активата пондерирана според ризиците, во согласност со прилогот бр. 3 – Заштитен слој на капиталот за секоја поткатегорија системска значајност, којшто е составен дел на оваа одлука.“

7. Во точката 8 ставови 1, 3 и 4, бројот „350“ се заменува со бројот „425“.

Ставот 5 се брише.

8. Во точката 10 став 2, зборовите: „31 октомври“ се заменуваат со зборовите: „15 ноември“, а во ставовите 4 и 5, зборовите: „30 септември“ се заменуваат со зборовите: „31 декември“.

9. Точката 11 се менува и гласи: „Народната банка ја објавува листата на банки коишто се идентификувани како системски значајни банки на својата интернет-страница, вклучително и висината на интервалите од точката 6 од оваа одлука во рок од 15 дена по доставувањето на одлуката од точката 10 став 2 од оваа одлука.“

10. Точката 12 се менува и гласи:

„Гувернерот на Народната банка ќе донесе упатство за спроведување на оваа одлука во кое подетално се определуваат:

− начинот на пресметување на показателите и на утврдување на збирната оцена на секоја банка според квантитативниот пристап,

− начинот на утврдување на системската значајност врз основа на дополнителната оцена, и

− начинот на утврдување на интервалите на секоја поткатегорија системска значајност.

Најмалку еднаш во три години се преоценува висината на интервалите на одделните поткатегории системска значајност.“

11. Во точката 13 во ставот 1 зборовите: „30 јуни 2025 година“, се заменуваат со зборовите: „30 јуни 2026 година“, а зборовите: „31 октомври 2025 година“, се заменуваат со зборовите: „15 ноември 2026 година“.

Во ставот 2 зборовите: „1 април 2025 година“ се заменуваат со зборовите: „1 октомври 2026 година“, зборовите: „31 октомври 2005 година“ се заменуваат со зборовите: „31 декември 2026 година“, по зборовите: „да ја достигне“ се додаваат зборовите: „и одржува“, а зборовите: „31 март 2025 година“ се заменуваат со зборовите: „30 септември 2026 година“.

12. Во точката 14 во ставот 1, зборовите: „а ќе почне да се применува од 1 април 2025 година“ се бришат.

Во ставот 2, зборовите: „30 јуни 2026 година“ се заменуваат со зборовите „1 јануари 2028 година“.

13. Во прилогот број 1, зборовите: „Побарувања и обврски од странство“ се заменуваат со зборовите: „Побарувања и обврски од странство, освен од матичните лица и освен обврските врз основа на капитални инструменти коишто се дел од сопствените средства“.

Колоната „Потпоказатели“ се брише.

14. Во прилогот број 2, зборовите: „Депозити коишто се покриени од Фондот за осигурување депозити“ се заменуваат со зборовите: „Покриени депозити“, а зборовите: „Депозити коишто не се покриени од Фондот за осигурување депозити“ се заменуваат со зборовите: „Депозити коишто немаат третман на покриени депозити“.

15. Во прилогот број 3, бројот „350“ се заменува со бројот „425“.

16. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О бр. 02-25393/3
29 јули 2026 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Трајко Славески,** с.р.